## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „КАЗНЕНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ВИОЛЕТА ШАКЛЕВА, УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-109/8 од 100. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 7.5.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- ред. проф. д-р Никола Тупанчески,Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје;
- вонр.проф. д-р Александар Климовски, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" -Скопје

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„КАЗНЕНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** од **м-р Виолета Шаклева** наменет како дополнителна литература за студентите од прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот со наслов **„Казнено-правни аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија"** кој се издава како монографија наменет како дополнителна литература за студентите на прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и како стручна литература за сите заинтересирани лица за оваа област.

Ракописот е обработен на вкупно 162 страница компјутерски пишуван текст, со 89 фусноти кон текстот и вкупно 75 библиографски единици литература.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на казнено-правните аспекти на злоупотребата во јавните набавки. Со оглед на актуелноста на оваа содржина, проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем претставува дополнителна литература за студентите од една страна, а и стручна литература на пошироката стручна јавност, особено заради тоа што не постои друг труд со сличен или ист наслов, односно содржина.

**Краток опис на содржината**: Содржината на ракописот, освен воведен дел, заклучок со предлози de lege ferenda, користена литература, е систематизирана во 6 глави и тоа: *Општо за казнено-правните аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија*; *Злоупотреба на службената положба и овластување при вршење на јавните набавки со аспект кон член 353, став 5 од Кривичниот законик на РМ („Сл.весник на РМ" бр.19/04 и 114/09)*; *Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство со аспект кон член 275-в, став 5 од Кривичниот законик на РМ („Сл.весник на РМ" бр.114/2009)*; *нови злоупотреби санкционирани во казнените одредби на Законот за јавни набавки („Сл.весник на РМ" бр.148/13 и 28/14); компаративна анализа на правната регулатива за јавните набавки и казнено-правните аспекти на злоупотребите на јавните набавки во земјите во регионот и превенцијата како облик на спречување на злоупотребата во јавните набавки*.

Во **воведот** авторот накратко го објаснува предметот на истражувањето, појдовните претпоставки и ставови, кои би се разработени со примена на методот на анализа, историскиот, компаративниот, нормативниот метод, методот на интроспекција и методот на синтеза на добиените сознанија, како и научниот и практичниот придонес на магистерскиот труд.

Во **првата глава** (Општо за казнено-правните аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија) се објаснети поимот и принципите на јавните набавки, а потоа исцрпно се објаснети значењето на казнено-правните аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија, како област која сè уште не е недоволно истражувана.

Во **втората глава** (Злоупотреба на службената положба и овластување при вршење на јавните набавки со аспект кон член 353, став 5 од Кривичниот законик на РМ („Сл. весник на РМ" бр.19/04 и 114/09) авторот освен што детално го анализира член 353 – Злоупотреба на службената положба како дело од општа и супсидијарна природа, посебно става акцент на неговиот квалифициран облик даден во член 353, ст.5 –Злоупотреба на службената положба при вршење на јавните набавки. Притоа врши идентификација на злоупотребите од страна на одговорното и службените лица кај јавните набавки во одделни фази на постапката и тоа: фаза на планирање, фаза на спроведување на постапката и фаза на реализација на договор, односно рамковна спогодба. Во оваа глава се врши и идентификација на злоупотребите од страна на одговорното и службените лица кај постапките со преговарање без објавување на оглас, особено заради тоа што овие постапки се карактеризираат со нетранспарентност.

Во **третата глава** (Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство со аспект кон член 275-в, став 5 од Кривичниот законик на РМ („Сл.весник на РМ" бр.114/2009) по дадените воведни напомени за карактеристиките на ова дело е извршена идентификација на злоупотребите на постапката за доделување на договор за јавна набавка во различни фази од страна на учесник или учесници во постапка за јавна набавка и тоа во: фазата на планирање, определување на проценета вредност на набавката и подготовка на тендерска документација, фазата на објавување оглас, евалуација на понуди и донесување на одлука во постапка за јавна набавка и фаза на склучување и реализација на договор,односно рамковна спогодба. Во оваа глава е извршена и идентификација на злоупотребите кои може да ги изврши еден или повеќе учесници во постапката за јавна набавка при остварување на правната заштита, како и идентификација на злоупотреби од страна на еден или повеќе учесници во постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас.

Во **четвртата глава** (Нови злоупотреби санкционирани во казнените одредби на Законот за јавни набавки („Сл.весник на РМ" бр.148/13 и 24/14), авторот анализира сосема нова материја на злоупотреби кои се санкционирани со кривичните дела lex specialis, воведени за првпат во Република Македонија со член 232-а до 232-з со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 148/13). Во текот на изработката на магистерскиот труд е донесен и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 28/14) со кој се воведени три нови кривични дела (член 232-ѕ, член 232-и и член 232-ј) на кои исто така кандидатката извршила казнено-правна анализа.

Во **петтата глава** (Компаративна анализа на правната регулатива за јавните набавки и казнено-правните аспекти на злоупотребите на јавните набавки во земјите во регионот) преку извршената анализа се дава детален компаративен преглед на казнено-правните аспекти на злоупотребата на јавните набавки. Овој компаративен преглед се однесува на земјите од регионот, односно на Република Србија, Република Хрватска, Република Словенија, Република Босна и Херцеговина и Република Бугарија.

Во **шестата глава** (Превенцијата како облик на сузбивањето на злоупотребата во јавните набавки) авторката предлага развивање на форми на превенција кои ги разработува и тоа особено во поглед на: правната рамка, институционалната рамка, персонализирана одговорност, контрола и мотивираност на лицата кои работат во организационите облици за јавни набавки, развивање на транспарентноста и интегритетот во процесот на

доделување на договори за јавни набавки, рационалното и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка, учеството на бизнис секторот, едукацијата и професионализацијата, учеството на граѓанскиот сектор, улогата и влијанието на медиумите и задолжителните интерни ревизии.

На крајот од ракописот следува **заклучок** во кој се сумирани резултатите од ова истражување, со што се потврдуваат претходно поставените претпоставки, како и размислувањата, ставовите и предлозите на авторката во врска со донесување на нов Закон за јавни набавки, односно предлози за можни претстојни измени во одредбите на Законот за јавни набавки, со цел правилно и непречено спроведување на истиот во практиката.

## З А К Л У Ч О К

Овој труд претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да послужи за стекнување на знаења на студентите, а може да помогне и на вработените во правните лица кои се вклучени во процесите и постапките за јавни набавки (како договорни органи, економски оператори, ревизорски куќи и други), како и на сите оние кои сакаат да ги прошират своите знаења од оваа специфична област.

Во разработката на поставените теми на трудот, авторката со прилично грижлив однос пристапува кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Заклучоците до кои доаѓа при истражувањето во оваа област се резултат на научно-емпириски пристап кон третираната проблематика.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, а исто така е присутен и аналитичкиот и интроспективниот пристап, квалитативна и квантитативна анализа и научната проценка.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест и задоволство трудот со наслов **„Казнено-правни аспекти на злоупотребата на јавните набавки во Република Македонија“ од м-р Виолета Шаклева** кој се издава како монографија наменет како дополнителна литература за студентите од прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и како стручна литература за сите заинтересирани лица за оваа област да биде објавен.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред.проф. д-р Никола Тупанчески, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Александар Климовски, с.р.**